WORLD BANK GROUP

РЕДОВЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН бр.17 | пролет 2020

# Економско и социјално влијание од КОВИД-19

## ПАЗАРИ НА ТРУД



*"Ти и јас" - Тања Бурзановиќ, Црна Гора*

ТРЕИ бр. 17 е збирка од белешки за Економското и социјално влијание од КОВИД-19, кој ќе биде објавен во три дела. Првиот дел беше објавен на 29-ти април и се фокусирае на макроекономското вилјание од КОВИД-19. Вториот дел информира за тоа како макроекономските последици влијаат врз луѓето во регионот. Тој дискутира за социјалните последици од КОВИД-19 во Западен Балкан во шест посебни РЕИ белешки за сиромаштијата и благосостојбата, пазарот на труд, здравството, образованието, загадувањето на воздухот и социјалната заштита. Третиот дел, кој ќе биде објавен во првата половина од јуни, ќе се фокусира на специфични одговори за економски политики - фискални, надворешен и финансиски сектор- и влијанието на кризата врз приватниот сектор, како што е информирано од фирмите.

## Пазарите на труд во Западен Балкан и потресот од КОВИД-19[1]

- *Пред да започне кризата со КОВИД-19, вработеноста во Западен Балкан беше на рекордно високо ниво, а невработеноста на рекордно ниско ниво.*
- *Кризата со КОВИД-19 веќе намали дел од придобивките на работната сила во Западен Балкан: до април 2020 година, 40 проценти од придобивките поради намалувањето на невработеноста во 2019 година беа загубени.*
- *Вкупното влијание врз вработувањето се очекува да биде досега невидено и широко распространето и сите земји во Западен Балкан пружаат поддршка на претпријатијата да ги задржат работните места и да ги заштитат невработените.*
- *По започнувањето на фазата на закрепнување, властите не треба да го изгубат од вид надминувањето на долгорочните предизвици, како што се акутните недостатоци на работна сила и вештини, како и ниското ниво на продуктивност.*

**Мерките за заштита на животот ќе имаат негативно влијание на пазарите на трудот во Западен Балкан.** Ограничувањата на движењето и социјалното дистанцирање имаат невидено негативно влијание врз понудата и побарувачката на работна сила, транспортот и патувањата. Цели сектори на националните економии се затворени – ресторани, хотели, трговија на мало на несуштествени производи, туризам, транспорт и голем дел од преработувачката индустрија. И покрај владините пакети на поддршка, бизнисите во целата економија трпат загуби кои претставуваат опасност за нивното работење и солвентност. Најпогодени се малите и средните фирми[2] и неформалните бизниси. Влијанието врз активностите кои генерираат приходи е особено лошо за незаштитените работници и најранливите групи во неформалната економија. Онаму каде неформалното работење, привремените вработувања и само-вработувањето е диспропорционално, пазарите на трудот веројатно ќе се соочат со поголемо уништување на работните места, кој што проблем ќе треба да го решава социјалната заштита. Детални описи на можните јавни политики за поддршка на невработените и (новите) ранливи лица како последица на социјалното влијание на кризата и во текот на фазата на закрепнување, се дадени во придружните белешки на РЕИ, особено белешката насловена "Одговор на социјалната заштита на кризата со КОВИД-19 во Западен Балкан."

### На почетокот на кризата со КОВИД-19, вработеноста во Западен Балкан беше на рекордно високо ниво.

**Во 2019 година, стапката на вработување во регионот се зголеми на историски највисоко ниво од 45,6 проценти за групата на возраст од 15+ години,** зголемување за 1,4 процентни поени (пп) во споредба со 2018 година. На крајот на годината, Косово го имаше најголемото зголемување на вработени луѓе – 6,7 проценти на годишно ниво. Зголемувањето на вработеноста изнесуваше околу 4 проценти на годишно ниво во Босна и Херцеговина (БИХ), Северна Македонија и Србија и 3,1 проценти во Албанија, а во Црна Гора ова зголемување беше помало односно 0,3 проценти на годишно ниво. Во 2019, во Западен Балкан беа создадени 190.000 нови работни места, од кои повеќе од една третина во Србија. До крајот на годината, вработувањето во регионот беше 7,7 проценти повисоко отколку во јуни 2008 година, кога почна последната глобална финансиска криза,

---

[1] Кон оваа белешка, подготвена од страна на Сања Маџаревиќ – Шујстер, свој придонес дадоа и Стефани Бродман, Марк Шуфбауер, Едит Кикони, Енрике Бланко Армас и Галина Винселет.

[2] Видете ја исто така и придружната белешка „Ранливост на КОВИД-19 во Западен Балкан: Гледиште на ниво на фирми."

а вработеноста во регионот непречено растеше со стапка од 2,8 проценти годишно во просек, за период од пет години.

**Вработеноста се зголеми толку многу во регионот што доведе до недостаток на работна сила и притисоци врз платите**. Пред кризата, недостатоците на работната сила веќе беа истакнати во Србија и во Северна Македонија во преработувачката индустрија и во транспортот, а во Црна Гора беа потребни повеќе работници во туризмот. Во изминатите две години, зголемувањата на минималната плата доведоа до зголемување на просечната плата за повеќе од 12 проценти. Од 2017 година, бруто платите изразени во евра се зголемија за 25 проценти во Србија, повеќе од 21 проценти во Северна Македонија, 18 проценти во Албанија и околу 10 проценти во БИХ. Во Косово и во Црна Гора зголемувањето на платите беше поголемо од 2 проценти. Во Косово, иако таму вработеноста најмногу се зголеми, сѐ уште има голем неискористен дел на пазарот на трудот. Во Црна Гора беше забележано највисокото ниво на бруто плата, повеќе од 780 ЕУР, но разликите во трошоците за работна сила се намалуваат: во 2017 година, бруто платата во Црна Гора беше повеќе од двапати поголема од Албанија, а сега е 1,8 пати поголема.

**Стапката на невработеност се намали на историски најниско ниво во Западен Балкан**. Во 2019 година се намали на 13,4 проценти, 2,3 пп помалку од 2018 година, со намалувања во Косово и Северна Македонија од повеќе од 3,5 пп. Во Албанија, оваа стапка достигна ново најниско ниво од 11,5 проценти, во БИХ се намали на 15,5 проценти. Во К4 од 2019 година, стапката на невработеност во регионот се намали уште повеќе, на ниво од 12,7 проценти, а во Србија достигна едноцифрено ниво и се приближи кон нивото во ЕУ од 6,1 проценти. Во 2019 година, во Западен Балкан имаше 163.000 помалку невработени отколку во 2018 година, половината од нив во Србија и 20 проценти од нив беа млади луѓе, со што невработеноста кај младите се намали за 4пп односно достигна ниво помало од 29 проценти – најниско ниво досега.

**Сепак, до кризата со КОВИД-19 учеството во работната сила и понатаму беше ниско.** Во 2019 година се зголеми малку (за 0,3 пп) и достигна ниво од 52,7 проценти во 2019 година, главно како резултат на тоа што сѐ повеќе жени влегуваа на пазарот на трудот. Најмногу подобрувања имаше во Албанија и Црна Гора, каде стапката на учество се зголеми за повеќе од 1пп. Меѓутоа, кога почна кризата, скоро половината од работоспособното население беше неактивно. Во Косово, неактивноста дури и се зголеми пред кризата, 70 проценти од Косоварите влегоа во кризата без работно место.

**Слика 1. Стапката на вработеност се зголеми во целиот регион во 2019 година…**

(Стапка на вработување, 15+ години, проценти и процентуална промена 2018–19 година)




**Слика 2…а создавањето на работни места забрза во К4 во 2019 година.**

(Индекс на вработеност, К2 2008=100)



**Слика 3. Стапката на невработеност достигна ново најниско ниво …**

(Стапка на невработеност, 15+ години, проценти и промена 2018–19 година, пп)




**Слика 4 … и учеството се зголеми со влегувањето на повеќе жени во работната сила**

(Учество во работната сила, проценти, декември 2019 или најнови податоци)




*Извор:* Државни заводи за статистика и проценки на вработените во Светска банка.

**Родовиот јаз во учеството во работната сила се намали во 2019 година.** Учеството на жените се зголеми за 1,4 пп и достигна ниво поголемо од 42 проценти во регионот, иако со големи варијации во различните земји на Западен Балкан. Албанија беше предводник на напорите за родова инклузија. Нејзината стапка на учество на жените достигна ново највисоко ниво од 53,3 проценти. Следна земја е Црна Гора со стапка од скоро 50 проценти, со постепеното укинување на надоместоците за мајчинство со неограничено времетраење. Иако Косово сѐ уште многу заостанува, првичните успеси ја зголемија стапката на учество на жените на повеќе од 22 проценти од работоспособните жени. Ширум регионот, разликата помеѓу стапките на учество на мажите и на жените се намали од скоро 19 проценти во 2018 година на 17,4 пп разлика – но делумно и поради тоа што стапката на учество на мажите се намали во сите земји на Западен Балкан освен Албанија и Србија.

## Кризата со КОВИД-19 веќе ги намали дел од придобивките на работната сила во Западен Балкан.

**Намалувањето на вработеноста во Западен Балкан веќе е многу очигледно.** Податоците за успешноста на пазарот на трудот до април укажуваат на тоа дека најголемото годишно зголемување на бројот на невработени досега во 2020 година е забележано во Албанија, зголемување за 25 проценти и Северна Македонија, за 11 проценти.[3] Делумно ова претставува одраз на формализирањето на неформалните работници кои се пријавуваат за да добијат пристап до здравствено осигурување и други надоместоци. Освен за Србија и Косово,[4] управните податоци за невработеноста веќе покажуваат зголемување на бројот на невработените на годишно ниво. Од јануари, во бироата за вработување се пријавени околу 63.000 нови лица. Освен тоа, во К1 од 2020 година, податоците за непополнетите работни места за Црна Гора покажаа намалување од 75

[3] Во Северна Македонија, на фирмите им беше овозможено повторно да ги вработат работниците и да побараат субвенции на платите за април и за мај, што веројатно ќе доведе до намалување на бројот на невработени.

[4] Во Косово, фирмите пријавуваат многу поголем број на работници како ново невработени во споредба со формалните работници, што укажува на тоа дека поддршката за вработување овозможена за работниците во формалниот сектор како дел од итниот фискален пакет на владата, придонесува за формализација на вработените.

проценти и намалување во Србија од 48 проценти, што укажува на тоа дека претстои дополнително влошување на пазарот на трудот.

**Компаниите бргу почнаа да преземаа одбранбени мерки:** промени на работното време, привремени намалувања на работното време, принуден одмор, неплатен одмор, па дури и отпуштања односно принудни затворања за да се справат со намалувањето на работењето.[5] Според Српската стопанска комора, до 31 март, околу 77.000 работници беа на принуден одмор поради прекин на производството, а на околу 1.000 компании им беа блокирани сметките поради тоа што не можат да ги платат своите долгови. Работниците со договори на одредено време беа први отпуштени. Според анкетата на почетокот на април, спроведена од страна на стопанската комора на Северна Македонија, само 19 проценти од фирмите ги испратиле своите вработени на принуден одмор и само 0,8 проценти отпуштиле работници. Голем број беа доволно ликвидни за привремено да ги заштитат работните места и чекаа на најавената поддршка од владата за субвенција на платите. Сепак, околу 29.000 работни места беа доведени во опасност откако најголем дел од баровите, ресторантите и хотелите затворија поради официјалната наредба за затворање. Едно деловно здружение од Косово утврди дека 84 проценти од анкетираните фирми затвориле целосно или го намалиле капацитетот или пак го намалиле работното време, додека пак 29 проценти го намалиле бројот на работници.[6]

**Дополнително влијание врз невработеноста ќе има и од враќањето на иселениците**. Во 2017 година, околу 3,7 милиони работници од Западен Балкан живеа во Европа.[7] Бидејќи мерките за ограничување и потресите на побарувачката негативно се одразија на пазарите на трудот во Европа, доселените работници со краткорочни договори за работи беа меѓу првите кои беа отпуштени. Голем број од нив решија да се вратат дома за да ги намалат трошоците за живот во земјите домаќини каде што немаа пристап до социјално осигурување односно надоместоци во случај на невработеност, со сè уште нема официјални податоци за ова. Ако се вратат само 10 проценти, бројката на невработени ќе се зголеми за една третина.

**Вкупното влијание врз вработеноста се очекува да биде досега невидено и широко распространето.**

**По економското намалување и по одреден застој, прилагодувањето на вработувањето веројатно ќе се засили.** Во 2009 година, имаше застој од две тримесечја пред да влијанието на забавувањето врз вработеноста да биде јасно видливо. Во сегашната криза, ограничувањата на движењата го направија влијанието врз вработувањето понепосредно, иако крутоста на трудовите прописи не дозволи побрзо осипување на трудот. Големината на влијанието веројатно ќе се согледа после одреден временски период. Тоа зависи од

- Еволуцијата на кризата – дали закрепнувањето има форма како V, L или U;

---

[5] Според анкетата на институтот за економски истражување Finance Think од Северна Македонија спроведена во средината на април, околу 43 проценти од бизнисите биле принудени да затворат поради мерки со кои се спречува движењето и интеракциите, а 40 проценти од бизнисите се соочиле со остар пад на приходите. Влијанието врз микро бизнисите беше особено силно, процентот на бизнисите принудени да затворат изнесува околу 55 проценти, додека уделот на бизниси со сериозни намалувања на приходите е околу 50 проценти.

[6] Видете ја и придружната белешка: „ Ранливост на КОВИД-19 во Западен Балкан: Гледиште на ниво на фирми“.

[7] https://www.un.org/en/development/desa/population/migration/data/estimates2/estimates19.asp.

- Хетерогеноста на економската структура во секоја земја и како КОВИД-19 влијае на конкретни сектори;
- Колку бргу пазарите на трудот одговараат на промените на економските трендови и
- Колку делотворно владините мерки ги заштитуваат работните места и фирмите (од пристапите од типот „сè што е потребно“ па сè до таргетирани и фискално издржани пакети).

**Секторите кои се најпогодени од стрмниот пад на резултатите се угостителството, дел од преработувачката индустрија, трговијата на големо и на мало и недвижностите и бизнис активностите** (Табела 1). Тие се трудово интензивни и често пати вработуваат работници со ниски плати и ниско ниво на вештини, особено угостителството и трговијата на мало. Работниците кои се занимаваат со дејности кои се сметаат за есенцијални (на пример: дистрибуција на храна, лекови) продолжија да работат, но под висок ризик по здравјето при работа. Ќе има различни влијанија во преработувачката индустрија – производството на лекови, преработката на земјоделски производи и производството на храна, дел од дејностите поврзани со преработка на хартија и текстил ќе продолжат со работа, но работниците во автомобилските синџири беа замолени да останат дома бидејќи производството застана. Во секторите транспорт, складирање и комуникации дел од работниците беа негативно погодени (на пример авиопревозниците), додека пак другите и понатаму ја задоволуваат зголемената побарувачка за малопродажба преку интернет. Земјоделството во голема мера не е погодено, освен ограниченото снабдување со увезени материјали и земјоделски суровини поради затворањето на границите.

**Табела 1. Сектори под ризик – Топлинска мапа**

| | АЛБ | БИХ | КОС | МКД | ЦНГ | СРБ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Образование | Низок | | | | | |
| Здравје на луѓето и социјална работа | | | | | | |
| Јавна администрација и одбрана, задолжително социјално осигурување | | | | | | |
| Комунални услуги | | | | | | |
| Финансиска дејност и осигурување | | | | | | |
| Информација и комуникации | | | | | | |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | | | | | | |
| Рудници и каменоломи | | | Низок – среден | | Низок - среден | |
| Транспорт, складирање и комуникации | Среден - висок* | | | | | |
| Преработувачка индустрија | | | | | | |
| Градежништво | | | | | | |
| Угостителство | Висок | | | | | |
| Недвижности, бизнис и административни активности | | | | | | |
| Трговија на големо и на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли | | | | | | |
| Уметност, забава и рекреација и други услуги | | | | | | |

*Извор:* Прилагодено според: ILO Monitor 2nd edition: “COVID-19 and the World of Work.”
*Забелешка:* Топлинската мапа ги прикажува проценетите ризици од негативни влијанија врз пазарот на трудот за секој сектор.

### Кризата од КОВИД-19 за работната сила најмногу ќе ги погоди машките работници постари од 30 години со средно образование и работа во МСП со трајни договори.

Применувајќи ја проценката на секторските ризици на податоците за работната сила на земјите од Западен Балкан, укажува дека **мажите, постари од 30 години, со средно образование, кои работат во МСП со трајни договори ќе бидат најпогодени од влијанието на КОВИД-19**. Околу две третини од работниците кои веројатно ќе бидат погодени се мажи, бидејќи се вработени повеќе мажи отколку жени, како и поради различните професии со кои најчесто се занимаваат. Во Косово постоечките родови разлики укажуваат на тоа дека само 13 проценти од работниците ќе бидат жени. Ќе биде важно да се осигури дека родовата нееднаквост нема да се прошири во текот на и по пандемијата и дека придобивките поврзани со акумулација на човечки капитал кај жените, економското зајакнување, како и способноста за самостојно искажување и самостојно донесување на одлуки, макотрпно постигната во изминатите децении нема да отидат во обратна насока. Три четвртини од можно погодените работници се на возраст 30-64 години. За регионот во целина, две третини имаат средно образование, но во Албанија овој удел е помалку од 50 проценти. Околу 34 проценти од погодените имаат само основно образование. Околу 23 проценти од сите кои веројатно ќе бидат погодени се само-вработени, додека мнозинството (три-четвртини) се вработени во МСП со трајни договори (две-третини).

**Не е изненадува тоа дека вработените во приватниот сектор ќе го почувствуваат најголемото влијание на кризата** (88 проценти). Само во Косово, повеќе привремено отколку постојано вработени лица ќе ги загубат своите работни места, но тоа е поради структурата на пазарот пред кризата. Половина од погодените работници ќе бидат во мали компании (до 10 вработени), иако во Северна Македонија преку 38 проценти од погодените работници се од големи фирми. Во Западен Балкан, една-третина од сите погодени вработени работат во секторот трговија на големо и на мало.

**Слика 5. Профили на работници кои веројатно ќе бидат погодени**[8]







[8] Пресметките ги направи Ана Мариа Овиедо (Албанија), Транг Ван Нгуен (Србија и Црна Гора), Анастасија Терскаја (Северна Македонија), Стефани Бродман (Косово), Леонардо Лукети заедно со Заводот за статистика на Босна и Херцеговина (БИХ).




*Извор*: Државни заводи за статистика, проценки на Светска банка.
*Забелешка:* Податоци од анкета на работна сила (АРС) 2017 година за Северна Македонија и Србија. АРС 2018 година за Албанија, Косово и Црна Гора. За БИХ, податоци од АРС 2019 година, пресметки од Светска банка и Заводот за статистика на БИХ.

**Силината на зголемувањето на невработеноста исто така ќе зависи од тоа колку ќе бидат делотворни мерките за зголемување на побарувачката за работна сила.**

**Непосредниот одговор на политиките треба да обезбеди олеснување на работниците и претпријатијата за заштита на живеењето и економски одржливите бизниси, особено во тешко погодените сектори,** со што ќе се поставаат основите за брзо закрепнување со изобилство на работни места, откако пандемијата ќе биде под контрола. Јавните ресурси треба прво да се употребат за да се обезбеди привремено насочено олеснување на тешко погодените сектори. Искуството од претходните падови укажува дека субвенциите на платите може да придонесат за задржување на работните места.[9] Негативните оценки на субвенциите на платите најчесто се поврзани со програми насочени кон обеспправените односно програми кои промовираат создавање на работни места во периоди на „нормална“ економска активност. Меѓутоа, подготовката и соодветното спроведување на програмите за субвенции бара доста време. Ефективната комуникација, социјалниот дијалог и јасните заложби на Владата се од критично значење за да се ограничи губењето на работни места сега.[10]

**Следните краткорочни политики често пати се спроведуваат за заштита на погодените луѓе и за да се помогне да се задржат работните места во инаку одржливите бизниси:**

- Овозможување на алтернативно вработување односно можности за вработување за оние кои не се на работа;
- Обезбедување на заштитана приходите за оние кои загубиле работни места и живејачката;

[9] Видете, на пример Кахук (2019) каде што се содржи преглед на шеми на краткорочни надоместоци за работа и Браун (2016) за Мексико.
[10] Видете ја следнава белешка во која што се дадени принципи за дизајнирање на субвенции на плати: https://www.jobsanddevelopment.org/wp-content/uploads/2020/05/WB-Design-and-Implementation-Practices-for-Wage-Subsidies-during-COVID-19.pdf.

- Заштита на бизнисите од непосредна несолвентност поради потреси во побарувачката, нарушени синџири на снабдување и ограничување на движењето и
- Поддршка на задржување на работниците преку субвенции за вработување.[11]

**Сите земји на Западен Балкан делуваат во насока на поттикнување на претпријатијата да ги задржат работните места односно да создадат нови.** До април 2020, еден месец откако беа воведени мерките за ограничување на движењето во целиот регион, сите влади усвоија програми за заштита на работните места и на фирмите. Освен мерките за здравствена заштита, даночните олеснувања, гаранциските шеми, субвенционираните кредитни линии и мерките на социјална помош, исто така имаше и мерки за заштита на работните места преку делумно или целосно надоместување на трошоците за плати, како и поголеми надоместоци во случај на невработеност со олабавени критериуми за квалификување (Табела 2). Иако мерките најавени од страна на владите сѐ уште се воспоставуваат, сепак важно е да се следат ефектите од нивното спроведување и, доколку е потребно, мерките да се прилагодат.

**Табела 2. Програми за поддршка на заштитата на работната сила во земјите од Западен Балкан**

| Фискални мерки | Албанија | Босна и Херцеговина | Косово | Северна Македонија | Црна Гора | Србија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Субвенции на / ослободување од плаќања за социјално осигурување | | √ | √ | √ | √ | √ |
| Субвенции на плати во приватниот сектор | | | √ | √ | √ | √ |
| Надоместоци во случај на невработеност со олабавени критериуми за квалификување | √ | √ | √ | √ | √ | √ |

**Иако ефектите на кризата сѐ уште се чувствуваат, постојат слаби знаци за барем привремено олеснување во некои земји.** Според тоа, властите не треба да ги изгубат од вид долгорочните предизвици како што се акутни недостатоци на работна сила и вештини и ниско ниво на продуктивност. Вреди да се разгледаат можностите за приближување на бизнисите, ангажирање на надворешни даватели на услуги и дигитализација. На долг рок, земјите од Западен Балкан исто така треба да го зголемат вложувањето во вештини и да го прошират пристапот до развој на вештините. За да се намали заканата од автоматизација и да се подобри квалитетот на работните места, регионот треба да ги зголеми инвестициите во основните вештини, како во модерните вештини на „новата економија“ како што се ИКТ, решавање на проблеми, креативност, комуникација и меѓучовечки односи за сегашните и идните работници да можат полесно да се прилагодат на брзите промени на пазарите на трудот.[12]

[11] Видете ги придружните белешки: „ Ранливост на КОВИД-19 во Западен Балкан: Гледиште на ниво на фирми“ и „Одговор на социјалната заштита на кризата со КОВИД-19 во Западен Балкан.“
[12] Светска банка и Виенскиот институт за меѓународни економски студии (2020): Трендови на пазарите на трудот во Западен Балкан, 2020 година.

РРедовен економски извештај за Западен Балкан бр.17 | пролет 2020

Погледнете го извештајот на следниот линк: www.worldbank.org/eca/wbrer



**Ти и јас**
**од Тања Бурзановиќ (Црна Гора)**

Др. Тања Бурзановиќ има големо искуство од областа на графички дизајн, графика во архитектура, внатрешен дизајн. Таа работела како уметнички директор, внатрешен дизајнер и графички дизајнер. Повеќето од нејзините уметнички изложби се одржале на различни места. Има добиено многу награди за нејзините уметнички и литературни дела. Таа издала книга со наслов Меѓусебната поврзност помеѓу „Светот на уметноста“, со поддршка од Амбасадата на Индија за Австрија и Црна Гора во Виена. Нејзината уметничка филозофија вклучува прикажување на меѓусебно поврзување помеѓу уметничките светови (просторни и временски уметности). Уметникот на тој начин медитира помеѓу природата и духовите, а сепак произлегува од апсолутната идеја и служи на целта за реализација на апсолутен дух. „Разбирањето на значењето преку формата“ е задача на уметноста поставена од современ мислител да докаже дека градежните форми и создавање смисла се два истовремени, испреплетени и апсолутно неразделни процеси во уметноста. Без тоа признание не е можно да се преземе понатамошен чекор во истражувањето на природата на уметноста и литературата. Таа верува дека уметноста е начин за пребарување на вистината. Уметноста е неразделна од пребарувањето на вистината.

*Луѓето создаваат идеи, луѓето ги обликуваат соништата, а луѓето создаваат уметност. За да се поврзат локалните уметници со пошироката публика, на насловната страна на овој извештај и следните изданија ќе биде претставена уметност од земјите од Западен*